Преподавание македонистики на филологическом факультете МГУ (1975–2025)

Филологический факультет МГУ имени М.В. Ломоносова за пятьдесят лет преподавания македонского языка в качестве основной специальности превратился в главный центр российской македонистики. До сих пор МГУ является единственным вузом страны, выпускающим филологов, основным предметом изучения и профессиональных занятий которых является язык, литература и культура Македонии. Именно на филологическом факультете македонистика сформировалась и как отдельная область филологической науки. Заведующий кафедрой славянской филологии известный филолог-славист, ученик А.М. Селищева профессор С.Б. Бернштейн, по инициативе которого началось преподавание македонского языка, был автором первой в российской науке статьи о молодом литературном языке. Его ученице Р.П. Усиковой, четыре десятилетия возглавлявшей подготовку специалистов-македонистов, принадлежит основная заслуга в том, что Московский университет стал флагманом отечественной македонистики.

В честь 50-летия македонистики кафедра славянской филологии провела международную конференцию. Представленные отечественными и македонскими учеными статьи, написанные на основании докладов, публикуются в этом номере журнала. В следующих номерах публикация будет продолжена.

DOI 10.24249/2309-9917-2025-74-6-39-45

Н. Аврамовская (Скопье, РС Македония)

Македония и современный мир в поэзии Катицы Кюлавковой

Аннотация: В статье исследуется творческая эволюции современной македонской поэтессы Катицы Кюлавковой. Внимание уделено специфическим особенностям ее лирики: склонности к словесной игре, аллюзиям. Отмечен устойчивый интерес поэтессы к теме языка. В центре внимания зрелое творчество Катицы Кюлавковой, в котором особое место занимают раздумья о судьбе Македонии в их связи с архетипом женственности как начала жизни, что позволило поэтессе выразить общечеловеческие тревоги через личные переживания, используя для этого жанр хайку.

Ключевые слова: современная македонская поэзия, Катица Кюлавкова, личное и общечеловеческое, архетип женственности

Н. Аврамовска (Скопје, РС Македонија)

Македонија и актуелниот миг на светот во поезијата на Катица Ќулавкова

Апстракт: Катица Ќулавкова присутна во македонската поезија веќе педесет години, од преминот на седумдесетите и осумдесетите години. Таа експериментира со јазикот во поезијата. Јазичните игри на поетесата кореспондираат со откривање на архетипски слики, потрага по гласот и моќта на древната женственост. Во трите поетски книги на Ќулавкова од новиот милениум се позасилно се пробива темата на Македонија и загриженоста во однос на нејзината судбина. Поетскиот светоглед на Ќулавкова во премерувањето на состојбите на светот и Македонија, можат да ја посочат нејзините куси хаику-песни.

Клучни зборови: современа македонска поезија, Катица Ќулавкова, интимно и општочовешко, архетип женственоста

N. Avramovska (Skopje, RN Macedonia)

Macedonia and the Modern World in Katica Kulavkova Poetry

Abstract: The article deals with the creative evolution of the contemporary Macedonian poetess Katica Kulavkova. Attention is paid to the specific peculiarities of her lyrics: a wordplay tendency and allusions. The poetess persistent interest in the topic of language was evidenced. The focus is on the mature work of Katica Külavkova, where a

special place is occupied by reflections on the fate of Macedonia in their connection with the archetype of femininity as the beginning of life, which allowed the poetess to express universal human concerns through personal experiences, using the genre of haiku.

Key words: contemporary Macedonian poetry, Katica Kjulavkova, the personal and the universal, the archetype of femininity

Годинава навршуваат педесет години од појавата на првата поетска книга на Ќулавкова и во текот на изминатиот период таа има публикувано шеснаесет поетски стихозбирки и една книга поезија во проза[1]. Сметав дека е совмесно на 50-годишниот јубилеј на Македонистиката на Ломоносов да му го придружам и јубилејот на поетскиот опус на Ќулавкова како врвен дострел и моќно перо на македонското женско поетско писмо. Секако причината за мојот избор лежи и во аспектите на ангажираноста на поезијата на Ќулавкова, коишто битно кореспондираат со темата на конференцијата, та во таа смисла во овој труд повеќе ќе се задржам на подоцнежната, зрела фаза на нејзината поезија пишувана во текот на последните две децении.

Уводно би навела неколку константи во поетското писмо на Ќулавкова. Со оглед на тоа што таа ѝ припаѓа на четвртата поетска генерација во развојот на македонската современа поезија[2] којашто се огласува во периодот на преминот на седумдесеттите и осумдесеттите години и битно експериментира со јазикот во поезијата настојувајќи да ги отклучи закатанчените значења на зборовите и да ги отвори за нови и ненасетени заграби на смислата. Јазичната игра, двосмисленоста, алузивноста, самата тема на јазикот се константи коишто ја пронижуваат секоја нејзина нова објава. Во првите поетски книги јазичните игри на поетесата битно коерспондираат и со откривањето на женственоста на поетскиот израз којшто во нејзината изведба познава валери од алузивност и двосмисленост на флерт во играта со јазикот и смислата на зборовите до архетипски слики на хтонска, подземна, древна и моќна женственост (како на пр. во песната "Вргањи"). Сакралните аспекти и на изрекувањето и на бивствувањето се исто така една од константите во поезијата на Ќулавкова. Во првата поетска фаза чијашто кулминација во развојот на поетскиот глас на поетесатаво овој период е несомнено поетската книга "Жедби"[3], – она, што барем јас го препознавам како доминантно обележје, е ослободувањето на автентично женскиот глас: и свет, сакрален, и еретички (во однос на оптествените стереотипи), и разигран и заведлив кој кокетира во игривоста и со филозофијата на јазикот исто колку и со филозофијата на телото (појмена и во смисла на Михаил Епштајн[4]). И во овие поетски книги меѓутоа, при нивната градба и композиција видлива е една константа што ги обележува сите поетски книги на Ќулавкова. Имено во секоја од шестаесетте поетски книги на

[1] Кулавкова ги има објавено следните стихозбирки: *Благовести* (1975), *Акт* (1978), *Нашиот согласник* (1981), *Нова пот* (1984), *Жедби:престапни песни* (1989) *Домино* (1993), *Изгон на злото* (1997), *Меѓусвет* (2000), *Слеп агол* (2004), *Тенок мраз* (2008), *Голо око* (2010), *Кога ни гореше под нозете* (2013), *Хаику елегии* (2014), *Мои страсти, мои страданија* (2019), *На врв на јазикот* (2023), *Небото ми е дома* (2024). Во наведувањето на овој след на објавата на поетските книги на Ќулавкова, иземена е нејзината објава на хаику песни.

[2] На оваа поетска генерација ѝ припаѓаат и: Вера Чејковска, Милош Линдро, Бранко Цветковски, Лилјана Дирјан, Јордан Даниловски.

[3] "Жедби" е петтата стихозбирка на поетесата за којашто во 1989 ќе ја добие наградата "Браќа Миладиновци" на Струшките вечери на поезијата за најдобра поетска книга меѓу "две Струги".

[4] Овде се има предвид книгите: "Филозофија тела", Геопоетика, Београд, 2009 и Sola amore, Konras, Beograd, 2011.

Ќулавкова првата песна секогаш започнува со поетска слика на небото. Свесно или не, поетесата при градбата на поетскиот универзум на секоја одделнна книга, иницијално ја повлекува оската на светот, аксиолошката вертикала со поглед устремен кон просторот што го препознаваме како духовен, сакрален и светлозрачен. Оттаму потем, односно со иницајлна вкотвеност во небесното огледало на душата се впушта во различни авантура на поетско истражување на она што таа го нарекува "меѓусвет" ("Меѓусвет" 2000) и "ѓаволски свет" или "овдешно чудо" (во поетската книга "Домино" 1993).

Темата на Македонија и загриженоста во однос на нејзината судбина од книга во книга се позасилено пробива во трите последователни поетски книги на Ќулавкова од новиот милениум: *Слеп агол* (2004), *Тенок мраз* (2008), и *Кога ни гореше под нозете* (2013), којашто е препеана и на руски од страна на Олга Панкина, и со предговор на проф. Ала Шешкен. Насловите на овие поетски книги недвосмислено посочуваат на всредиштеноста на поетското огласувањето во семантички многуслојниот простор на кризата. Насловите се нижат речиси во градациски след. *Слеп агол* укажува на своевидната дезориентираност во просторната уреденост на светот, *Тенок мраз* на кревкоста на упориштето под стапалата, *Кога ни гореше под нозете*, пак, се огласува недвосмислено укажувајќи на неподносливоста и алармантноста на бидувањето и домувањето во мигот на светот. Кон овие поетски книги во однос на темата светот и Македонија – гравитираат и хаику поетските збирки "Голо око" (2010) и "Хаику елегии" (2014). Но за нив би говорела засебно затоа што иманентната поетика и интонацијата е инаква во хаику песните и хаику елегиите.

Со овие наслови, однадвор, рамковно, автореференцијално, поетесата ја маркира егзистенцијалната и идеолошката поставеност на пеењето како одговор на налогот на денот. "Спроти денот и песната", би се рекло во духот на нашата македонска народна традиција. Токму "спроти денот", во овие три поетски книги, веќе по правило, поетесата започнува да се огласува од две средишта. Во првите поетски циклуси на одделните стихозбирки се огласува од средиштето на интимното, приватното "јас" за во завршните циклуси чувствено и воедно моќно да одговори на налогот да излезе оттаму и да проговори всредиштена во кризата на општественото битие на матичната култура. Ваквата композициска устроеност е несомнено свесна определба, програмска творечка постапка, со која заумниот поетски израз се извлекува себеси од медитативната средоточеност над симболите на интимната митологија, за од себе, токму преку другите, светот, светата обител на човекувањето, да се возвиси, приближи до Бога[1]. Не знам дали станува збор за свесен потход од книга во книга, но сигурна сум дека поетесата следи своевиден внатрешен импулс, кој во таа смисла е заокружен со публикацијата на последната поетска книга "Небото ми е дома" (2024)[2].

"Слеп агол" е книга која е пронижана со атмосферата на депресијата на приватното и интимното време на катадневието. Одненадеж, среде означувањето на приватниот простор на домот како "цибрина / треска / изземнина", уште во четвртата песна од овој прв циклус, означена е и јавната сфера на општественоста,

[1] Овој развоен процес во поезијата на Ќулавкова може да се следи и врз примерот на развојот на семантичкото поле на симболот на водата во нејзината поезија, кој овоземски, му соодветствува на небото "горе".

[2] За оваа последна поетска книга Ќулавкова по втор пат ја доби престижната награда "Браќа Миладиновци" како најдобра поетска книга меѓу две изданија на фестивалот "Струшки вечери на поезијата".

конкретно, актуелниот миг на нашето бидување, како *остаток* или *другиот* дел од ништото или тегобноста.

Македонија е схизма
со предумисла
Морници те лазат
поради непредвидливите последици.
Во тоа не си осамена
не си единствена
    иако
    ништо
    не ти е
    утеха.

Овие стихови што наврапито ќе се појават среде лирската интимна доживелица своето објаснување го добиваат во поетскиот циклус "Немушт јазик" кој го чинат песните: "Афазија: македонска трагедија", "Суво злато, делба", "Иронија: начело на ароганција", "Скршнување", "Синдром на самоуништување", "Мојот народ", "...ноќе се урива" и "Тревожна надеж – завет":

Не скршнувај од својот
пат, народе мој.
Твојот пат е
твојот дом.
Твојот пат е
твојата светост.
    (*Скршнување*)

Соочена со лицето на пустошењето на македонската општественост, во следната поетска книга, *Тенок мраз*, Ќулавкова ја започнува својата симболичка градба: редењето, исчитувањето на слоевите на колективната културна меморија врз парчето родна грутка. Говорам за божилакот на духовни светлини на поднебјето, опејувањето на мистиката на таа вековна светлина што се здогледува кога стапалата се укотвени врз родната грутка планина од првиот циклус песни: *Меѓу два огна (искон, поднебје)*. Во симболичкото, културно пејзажирање на природата оваа грутка земја толку стежнува во драгоценоста што просто од себе ја раѓа митската слика на рамнотежата:

Од некаде доаѓа човек.
На едното рамо го носи светот
на другото –
Македонија.
(*Митска слика: рамнотежа*)

Насловот на песната "Балканска дропка" од поетската книга "Кога ни гореше под нозете", опоменува на опасностите што повторно се надвиснуваат над современоста довикувајќи ја во меморијата сто и педесетгодишната историја на национални граѓански профилирања, соседски војни, аспирации и претензии за државни и културни прекројувања на просторот на Балканот – реактуелизиран по падот на Социјалистичкиот блок како гео-културен и идеолошко политички ареал растргнат од противречности. Родната македонска грутка земја, трошната, "Кревка дома", во вителот на премрежињата на домашната и меѓународната политичка сцена, е повод за пеењата во овој циклус кои инспирацијата ја наоѓаат пред сè во чувството за длабоката проникнатост на сопственото битие со нејзиниот географ-

ски простор (“Дивите коњи на Галичица”, “Мирисите на Папрадиште”, “Медитација на тема езеро”), со словенското културното наследство (“Св. Ѓорѓија ја убива ламјата”, “Втора азбучна молитва”), но и со актуелната драма на општественото битисување (“Амфитеататрално”, “Монета за раскусурување”, “Играчка”, “Скршени”, “набожни”). Она што особено плени во овие несомнено ангажирани стихови е постојано одново новопронајдениот модалитет на пеењето во којшто се огласува патриотскиот ангажман. Овој игрив поетички аспект, кој е темелна одлика на целата книга, може најнепосредно да се илустрира со лудистички интонираната песна “Играчка”, која прозвучува како акустична мантра на опомената[1]. Поетесата го поместува акцентот на играта од акустичката врз семантичката повторливост на зборовите, на јазикот во којшто домува битието на народот, синегдохично апострофиран во гласот “s”, карактеристичен за балканските јазици, и за старословенскиот, а до денес зачуван токму во македонскиот јазик, од семејството на словенските јазици (како глас, и како буква):

Е, езеро, eSepo, enseро
Ене го sирка, се зари
Богот Se на небото се зори
Белината, пука sирка и prosирка

Запаметливоста на ритмичкиот говор, која се евоцира (и насловно!), и од којашто се отстапува, се надоместува со народното помнење на семантичкиот ритам на определени изрази и формули (“sирка и prosирка”). Се чини сводот и просторите под него започнуваат да вибрираат со значењето на овој глас: “Syни, Заум, Сеум, Se Ум”. Вториот дел на песната, поставен како контрапункт, опоменува, интертекстуално интервенирајќи (значенски и идеолошки) во семантичкиот ритам на формулите на народната мудрост (“наведната глава сабја не ја сече”):

Сесвидетелот ни е везден
на врв на јазикот
а јазикот се ведне
под сабјата, се витка
под камшикот, се врти вретеното
фрчи фурката
имаме се уште
врат за сечење
прекар за крстење
име за помнење.

Замената на изразот “глава” со “јазик” е поетската изведба на новото народно знаење што се наметнува во светлината на текуштиот ден. Секоја од песните во овој циклус наговара на препознавање на играта во модусите и модалитетите на нејзината изведба. Она што им е заедничко на песните како прв и последен акорд на нивната интонираност е длабокото чувство на болка и загриженост пред демонот на историјата. Токму оваа призма е суштествена за поетската доживелица на историските и трагичните пресврти опеани во циклусот песни “Белиот свет” завршниот циклус на стихозбирката. Единствена песна во којашто светотворниот симбол на водата е контаминиран со значењата на задушливоста во испарувањата, се јавува токму во овој циклус (*Амам: промена на смислата*), во контекст на про-

[1] Овде е евоциран ритмичкиот говор на детските народни игриви песни кој го донесува ефектот на автоматска повторливост, со оглед на тоа што станува збор за монотон елемент во повратна каденција составена од акорди на чисти акустички вредности на говорниот јазик без оглед на значењето.

никнувањето во универзално споделената историска и сеприсутна болка на светот (*Стамбол: црвено јаболко, Стамбол: град во град, Стихија*).

Поетскиот светоглед на Ќулавкова во премерувањето на состојбите на светот и Македонија, можеби најдобро, во смисла која нуди инстант, мигновен увид во соодносот на лирските аспекти на песната и ангажираноста на стиховите можат да ја посочат нејзините куси хаику-песни. Овде само за илустрација би ги спомнала Елегиите за Хаити[1] и Фукушима[2], по кои веднаш следат "Елегии за Македонија", Обата циклуса составени од по 12 хаику песни во кои лрската доживелица ја слика ранливоста и ранетоста на островските земји, а веднаш потоа и ранливоста и ранетоста на Македонија како "јаболко на раздорот", своевиден остров изложен на постојани освојувачки налети во историските драми на Балканот. Во завршниот циклус насловен "Мојот јазик" од 7 хаику песни, циклусот го отвора хаику-елегијата "Аманет": "Она што не можам жива / ќе го направам мртва / За мојот народ". Од друга страна, циклусот го затвора хаику-песната "Враќање на суштината" ("Колку повеќе стареам / толку повеќе пишувам / за обични нешта. За Бог").

Поетската книга "Мои страсти, мои страданија" (2019), донесува повеќе циклуси од кои секој инаку, со инаква лирска интонација ги засега и македонската современост и актуелниот миг на светот и меѓу нив би ја издвоила поетичноста на поетскиот циклус "Викајте ги на нашето име".

Во своевидно надоврзување на спомнатата хаику-песна "Враќање на суштината" сакам да проговорам за генералното исчитано значење во мојот прочит на последната стихозбирка на Ќулавкова "Небото ми е дома" во кое и древното паганско време на Словените, и интимното, и приватното и колективното, не само македонско туку и сесловенско се преплетуваат, заемно огледуваат во лирската доживелица на поетесата: во обредите, ритуалите на црковниот календар, при што попрво е истакната универзалната сушност на обредноста и ритуалноста, наспроти некоја посебна црковна, во Словото на сесловенските Првоучители кое ја ѕрцали и усноста и писменоста, та пеењата на секоја од песните е испеана во огледалноста на повторувањата, обредноста, ехото на минатото во зборовите и нивната употреба.Од една страна, стихозбирката го евоцира континуитетот на милениумското траење на македонската заедница во усноста и писменоста на културните парадигми и нивната заемна пронижаност. Од друга страна, самиот наслов "Небото ми е дома" говори за смирение и пристан во состојбата на домување во светот, во мир со него и со надеж за неговата иднина која молитвено се заговара.

Во извесна смисла досегашниот поетски опус на Ќулавкова исцртува заокружен развој кој иницран во поетскиот немир и потрага по нов поетски говор (во декомпонирање на постојниот), како и во потрага по гласот и моќта на древната женственост, во извесна смисла иницран во потрагата по себноста, се развива во отвореноста кон другиот појмен како колектив, заедница и притоа е длабоко пронижан со доживелицата за кризата на општественото битие, но и човештвото

[1] Се реферира на земјотресот од 12 јануари 2010 кој го разурна Хаити со катастрофален број жртви чија проценка ндминува над 300.000 жртви. И Воопшто, Хаити е земја којашто е најчесто погодувана земја од природни непогоди во текот на изминатото четврт столетие.

[2] Во Фукушима на 11 март, 2011 година се случи една од најголемите нуклеарни катастрофи во светот досега: голем земјотрес и цунами ја погодија Јапонија и предизвика топење на јадрото на нуклеарниот реактор во електраната Даи ичи во областа Фукушима. Во земјотресот од девет степени според Рихтеровата скала загинаа околу 20 000 луѓе, а поради радијацијата што се шириле од електраната, од околните градови побегнаа околу 160 000 луѓе.

во целина, што сето се одвива во спрега со откривањето на сакралноста на постоењето и бидувањето та мирот во пронижаноста со доживелицата на светоста на битието и бидувањето се изнаоѓа во поетското дејствување појмено како ангажман во име на повисоко општо добро.

Сведения об авторе:

Наташа Аврамовская,
доктор филол. наук
профессор
Институт македонской литературы – Скопье, UKIM

Natasha Avramovska,
Doctor of Philology
Professor
Institute of Macedonian Literature – Skopje, UKIM

Наташа Аврамовска,
доктор по филолошки науки
редовен професор
Институт за македонска литература – Скопје, УКИМ

n.avramovska@iml.ukim.edu.mk